ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 13 ДАТА 11.07.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 13 ДАТА 11.07.2016 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУТ И ПРАВИЛНИЦИ НА ФФМ
- ТАБЕЛА ОД ОПШТИНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА НЕГОТИНО

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од**

**Седница од 28.06.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Дос Реис Боарето Џонатан од ФК „УРТ Униао Рекреатива„ од Бразил, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Дос Реис Боарето Џонатан, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2018 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 11.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Ељмедин А.Куртиши од ФК„Башкими 1947„ од Куманово, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Скопје фудбалерите: Алексовски Ж. Игор, Скендери М. Емир од Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, Ристовски П. Борјан и Антониев М. Антонио од Фудбалскиот клуб „Љубанци 1974„ од с. Љубанци, Максути А. Миран од Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 11.07.2016 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерот Најдов Л. Трајче од Фудбалскиот клуб „Тиквеш 2014„ од Кавадарци, поради преминување со регистраци ја на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

Комисија за статут и правилници

Комисијата за статут и правилници на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Берат Исмаили – зам.претседавач, Иван Путилин-член, Горан Нациќ -член, постапувајќи по предлогот за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ пр.бр. 24-589/1 од 19.04.2016 година поднесен од Љубомир Ѓурчески од Скопје, против одлуката бр. 22 од 31.03.2016 година на второстепениот орган на ОФС Македонски Брод в.в со одлуката бр. 14 од 26.02.2016 година на Дисциплинската комисија на ОФС Македонски Брод врз основа на член 23 од Правилникот за организација на ФФМ и член 150 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 07.07.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Предлогот за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ пр.бр. 24-589/1 од 19.04.2016 година поднесен од Љубомир Ѓурчески од Скопје, против одлуката на второстепениот орган на ОФС Македонски Брод бр. 22 од 31.03.2016 година а во врска со одлуката на Дисциплинската комисија на ОФС Македонски Брод бр.14 од 26.02.2016 година не се усвојува.

2. Одлуката е конечна да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ Макфудбал

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ОФС Македонски Брод со допис од 19.04.2016 година достави до Комисијата за статут и прописи на ФФМ Предлог за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Предлогот е поднесен од страна на Љубомир Ѓурчески од Скопје кој незадоволен од одлуката на второстепениот орган на ОФС Македонски Брод бр. 22 од 31.03.2016 година а во врска со одлуката на Дисциплинската комисија на ОФС Македонски Брод бр.14 од 26.02.2016година смета дека при одлучувањето на органите на ОФС Македонски Брод повредени се одредбите на ДП на ФФМ.

Во предлогот Предлагачот бара заштита на одредбите од ДП на ФФМ и тоа :член 5-сослушување; член 123, 127,128,129 и 130 во врска со повреди на одредбите на постапката, утврдување на надлежноста и изведување на докази; член 82, 84 ,85 од Дисциплинскиот правилник во врска со неправилна примена на истите а во врска со члeновите 44,45 и 46 од Статутот на ОФС Македонски брод. Предлагачот предлага покренување на постапка за заштита на наведените одредби, утврдување на повреда на цитираните одредби и донесување на одлука за повторување на постапката.

Комисијата утврди дека со предлогот не е приложен доказ за уплатена такса за поднесокот но дека по укажување таксата е уплатена и доставена на увид.

Пред да започне со изведување на предложените докази комисијата ја утврди својата надлежност дадена во Дисциплинскиот правилник на ФФМ и